“Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази” – Проект финансиран од Европската Унија

**Предмет: Повик за консултантски услуги бр. 0302-523-1/2018**

**Асистент на правен експерт за спроведување на правна анализа за Проценка на неданочни и парафискални трошоци и усогласување со регулативата во рамки на** на проектот “Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази” – Проект финансиран од Европската Унија имплементиран од Институт за демократија “Социетас Цивилис” – Скопје (ИДСЦС) во соработка со Центар за Економски Анализи (ЦЕА).

Во периодот јануари 2017 – декември 2019г. ќе се анализира како се спроведува процесот на проценка на влијание на регулативата (ПВР) при создавањето на законите и каква е можноста за граѓанските организации да се вклучат во создавањето на јавните политики во земјата.

Проектот „ПВР во сенка“, ќе придонесе за унапредување на доброто владеење преку вмрежување и градење на капацитети на граѓанските организации за следење и анализа на спроведувањето на ПВР. Целта на проектот е да се зголеми можноста за активно вклучување на граѓанските организации во ПВР процесот и во реформите на јавните политики преку вмрежување, инклузивни консултации и обуки.

**Цел на Анализата**

Целта на оваа анализа е да даде препораки за рационализација на неданочниот и парафискалниот товар на приватниот сектор. Анлизата е потребно да се фокусира на неданочните и парафискалните давачки на деловните субјекти од областа на два сектора: градежниот сектор и прехранбената индустрија. Притоа, примарните податоци кои се користат во анализата треба да бидат собрани директно од примерок на компании од градежниот сектор и прехранбената индустрија преку прашалник, а дополнително да се користат секундарни податоци како што се статистички податоци, податоци од бизнис здруженија и комори, академски истражувања и податоци од владини извори.

Студијата ќе биде поделена на три дела:

анализа на перцепциите на компаниите од примерокот,

економска анализа и

правна анализа.

**<u>Делокруг на работа</u>**

Вкупен број на работни денови и ангажман на експертот: максимум 12.

**Правна анализа** – која ќе ги разгледува неданочните и парафискалните давачки кои ги имаат правните лица кои вршат дејност во областа на прехранбената индустрија и во градежниот сектор.
Асистира при собирање, анализа и прикажување на податоци.
Предмет на оваа анализа се јавните давачки со кои се задолжени деловните субјекти од областа на градежниот сектор и прехранбената индустрија, изразени како надоместоци, административни такси и други плаќања, освен даноци, царински давачки и казни, без

разлика дали истите се востановени од централната или локалната власт, или пак од независни агенции, фондови, институции, здруженија и слично.
За цел појаасно и поточно идентификуање на трошоците експертот ќе треба да изготви и прашалник наменет за компании од прехранбената индустрија и градежниот сектор.

2. **Испораки**

i. Асистирање про спроведување на правна анализа за Проценка на неданочни и парафискални трошоци и усогласување со регулативата во соработка со правен екперт;
ii. Time-sheets во ЕУ формат за периодот за кој е ангажиран експертот.

Сите активности ќе бидат имплементирани во координација со проектниот тим на ЦЕА и ИДСЦС. Работни јазици на овој ангажман се Македонски и Англиски.

3. **Временска рамка**

i. Првична драфт анализа не подоцна од 15 септември 2018 година;
ii. Финална анализа не подоцна од 15 Октомври 2018 година;

4. **Сопственост**

Продуктите кои ќе произлезат од ангажманот ќе останат во сопственост на ЦЕА и ИДСЦС. Експертот се согласува да не ги користи продуктите надвор од овој ангажман без претходна писмена согласност од ЦЕА и ИДСЦС.

5. **Надомест**

Вкупниот надомест за извршените услуги на експертот не ја надминува сумата од 1440 евра во денарска противвредност.

6. **Потребни документи:**

6.1 За правни лица

- Тековна состојба од Централен регистар на Р. Македонија
- Референтна листа на претходни слични ангажмани на предложениот експерт
- CV (професионално резиме) на експертот во ЕУ формат
- Финансиски предлог (**превземето го формуларот овде**) – нето износ на еден експертски ден, износ на ДДВ, вкупен износ на услугата

6.2 За физички лица

- Референтна листа на претходни слични ангажмани
- CV (професионално резиме) на експертот во ЕУ формат
- Финансиски предлог (**превземето го формуларот овде**) – нето износ на еден експертски ден, износ на ДДВ, вкупен износ на услугата

7. **Процес на селекција и бодување**

ЦЕА ќе го избере експертот на отворен повик.

Процесот на евалуација ќе биде спроведен во 3 фази:

i. Оценка на спецификација на понудите (максимум 1/3 од 100 )
ii. Евалуација на професионално резиме (CV) (максимум 1/3 од 100 )
iii. Евалуација на референтна листа на претходни слични ангажмани (максимум 1/3 од 100 )

Проектот е финансиран од Европска Унија

Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Center for Economic Analyses

iv. Избор на најдобрата понуда.

**8. Достава на апликација**

Апликацијата (професионално резиме и понуда на македонски јазик) мора да биде испратена по пошта или да биде дотавена лично на следната адреса: Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, Со назнака за повик за консултантски услуги **не подоцна од 10 ти август (петок) (16:00ч.) 2018г.** ЦЕА ќе го извести избраниот кандидат не подоцна од 14ти август 2018г.

Скопје, 01.08.2018